**20210691042**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 74 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.124/19), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРЕМЕР НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Во Правилникот за премер на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 121/13, 169/13, 95/15, 128/15, 157/16, 176/16, 195/16, 135/17, 41/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 48/19, 183/19 и 265/20), членот 82 став (4), се менува и гласи:

„Графичките податоци од став (3) на овој член, кои се однесуваат на катастарските парцели, зградите и на инфраструктурните објекти се изготвуваат во „*.xml/*.gml" формат, со лиценциран софтвер, кој е во сопственост на Агенцијата (МАКЕДИТ), а во функција на изготвување на дигитални геодетски елаборати, со структура која е компатибилна за импортирање на графичките и описните податоци од дигиталниот геодетски елаборат во базата на податоци во електронскиот катастар.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 0101-4615/1
22 март 2021 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Ирма Мандева,** с.р.